# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 03-285/1
30. 01. 20 23 год.
КОЧАНИ

ОПШТИНА КОЧАНИ
ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за реализираните цели, проекти и активности во Општина Кочани од делокругот на млади за 2022 година

Кочани, јануари 2023

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

До
Агенција за млади и спорт
Ул. Македонија бр. 38
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Годишен извештај за работата на Општина Кочани во делокругот на млади

Почитувани,

Согласно член 23 став 1 од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020), Службеникот за млади на Општина Кочани го доставува следниот Извештај за работата на Општина Кочани во делокругот на млади за 2022 година

# И З В Е Ш Т А Ј

## во врска со активностите за формирање на Локален младински совет согласно на Законот за младинско учество и младински политики

**Согласно член 16, 17, 18 и член 26, став 6 од Законот за младинско учество и младински политики**, Општина Кочани со Одлука на Собранието на млади бр.03-217/2 од 20.01.2022 година и верификација на членовите на Локалниот младински Совет од страна на Советот на Општина Кочани со Заклучок бр.09-395/1 од 04.02.2022 година пристапи кон формирање и ставање во функција на Локалниот младински совет на Општина Кочани.

Со формирањето на Локалниот младински совет во Општината младите добиваат канал за комуникација со локалната самоуправа и со одржувањето на седниците можат да се консултираат меѓусебно и да им се даде можност да го искажат својот глас, да изградат заеднички ставови и истите да ги застапуваат пред градоначалникот и советот на Општина кочани, а со тоа да бидат иницијатори и учесници во процесите на креирање на младинските политики и да имаат директен придонес кон подобрување на сопствениот живот во средината во која живеат.

Локалниот младински совет на Општина Кочани во соработка со општината односно со Службеникот за млади на Општина Кочани одржа повеќе седници на кои се договараше за спроведување на активности и работа на локалниот младински совет.

# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


На ден 04.03.2022 година Локалниот младински совет ја одржа Првата седница на која беше избран претседател и аменик претседател на ЛМС на Општина Кочани.

За претседател едногласно беше избран Иле Матеничарски, а за заменик претседател исто така едногласно беше избрана Тина Соколовска (Одлука бр. 03-217/6)

На ден 25.03.2022 година беше одржана Втората седница на Локалниот младински совет на Општина Кочани на која членовите го изгласаа Деловникот за работа на ЛМС на Општина Кочани, се договорија да остварат средба со Градоначалникот на Општина Кочани и да одржат Јавна требина поради подготовка на Програмата за работа на младинскиот совет.

На ден 05.04.2022 година членовите на ЛМС на Општина Кочани имаа средба со Градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов. На средбата се дискутираше за состојбата на младите во Општината и за активностите кои што младинскиот совет планира да ги спроведе во тековната година.

На ден 08.04.2022 година дел од членовите на ЛМС на Општина Кочани заедно со Службеникот за малди ги посетиа сите основни и средни училипта со цел да сподели информации за формирањето на Локалниот малдински совет и неговите членови.

На ден 11.04.2022 година Лакалниот младински совет по повод креирање на нивната Програма за работа за 2022 година, во Мултикултурниот центар во Кочани одржа Јавна трибина на која беа повикани сите заентересирани кој што сакаа да дадат свои идеи и мислења за активностите на младинскиот совет, а посебно беа поканети средношколските организации, организациите за млади од Општина Кочани, невладините организации, Кординаторката на еднакви можности, претставници од Советот на општина Кочани и др.

На ден 17.04.2022 година Локалниот младински совет изготви Програма за работа која беше претставена пред Советот на Општина Кочани и истата беше усвоена ( Заклучок од седница на Совет на Општина Кочанибр.09-1254/1 од 31.05.2022 година) .

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија 2016-2025, цели дефинирани на Јавната трибина за утврдување на прироритетите на младите во Кочани, Локалната стратегија на млади 2019-2023 година, прилагодени на локално ниво за потребите на младите во општина Кочани.

Тематските области кои ги опфаќаше Годишната програма за работа на Локалниот младински совет беа: младинско учество и едукција на млади, култура, спорт, екологија

На ден 05.05.2022 година Локалниот младински совет одржа седница – Трета по ред. На седницата беше договорена соработка со Општинската организација на Црвен Крст на Кочани да се спроведе едукативна показна вежба за укажување на прва помош.

На ден 13.05.2022 година Локалниот младински Совет на Општина Кочани во соработка со волонтерите од Општинската организација на Црвен крст – Кочани во Градскиот парк во Кочани реализираа показна вежба за укажување на прва помош.

На вежбата присуствуваа ученици од основните и средни училишта од Општината каде обучени волонтери укажуваа и прикажуваа техники на прва помош на симулирани случаи на повреди.

– Целта на активноста е да ја доближиме првата помош до младата популација. На вежбата беа прикажани основни техники за укажување на прва помош во животозагрозувачки ситуации.

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Првата помош е животоспасувачка техника која се укажува во случај на животозагрозувачка ситуација поради што од ЛМС – Кочани истакнаа дека симулациската вежба е од корист за младата популација.

На ден 13.06.2022 година Лакалниот младински совет ја одржа 4-тата седница на која како точка на дневен ред беше ставено да се спроведе активност во соработка со „Мото Клуб- Желки" од Кочани и за уште една активност во соработка со Министерството за внатрешни работи и Републичкиот совет за безбедност.

На 30.06.2022 година Републичкиот Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП), Локалната самоуправа на Кочани, Локалниот младински Совет и Одделението за внатрешни работи Кочани реализираа активности како дел од превентивната кампања – „Носи кацига, вози безбедно!".

Активноста имаше за цел подигнување на сообраќајната култура на учесниците во сообраќајот во Кочани и беше наменета за велосипедисти, мопедисти и возачи на електрични тротинети затоа што во овој временски период зголемен е бројот на овие учесници во сообраќајот.
– Целта на оваа кампања е овие превозни средства да бидат соодветно означени, возачите да ги почитуваат правилата и прописите и задолжително да носат заштитен шлем – кацига, а возачите на електричен тротинет задолжително треба да носат рефелектирачки елек од почетокот на самрак до разденување .

На 13.06.2022 година Локалниот младински совет ја одржа 5 тата седница. Како точка на разгледување беше ставена понудата за соработка со Компанијата „Веником" од Скопје, за спроведување на бесплатен тридневен камп за средносколци.

Во однос на ова Компанијата „Веником" во соработка со Локалниот младински совет на Општина Кочани во деновите 17, 18 и 19 јули 2022 година во Мултикултурниот центар во Кочани го реализираше тридневниот бесплатен Coding Bootcamp наменет за средношколци.
На кампот свое излагање имаа познати и реномирани професори и практичари од повеќе области во делот на ИТ, маркетинг и ПР секторот.

Цел на организирањето на овој Bootcamp е да се пренесе долгогодишното знаење и искуство на реномираните професори на средношколците низ неколкудневни тренинзи и предавања со познати професионалци и практичари од повеќе области.
Од голема важност е да се мотивираат овие ученици и да се обидат да станат идни програмери и основачи на ИТ компании кои ќе вработуваат млади луѓе од општината и регионот.
Средношколците се запознаа со професионалци од ИТ, маркетинг и ПР индустријата, кои преку практични примери им го доловија процесот на креирање на софтверски решенија и промоција на продукти.

На ден 28.08.2022 година Локалниот младински совет ја одржа 6 тата седница на која се разгледуваше само една точка поврзана со подршка на лица за учество на драмскиот фестивал во Ниш.

На 17 септември и на 29 септември се одржа 7 мата и 8 мата седница на кои се даваа идеи за понатамошни активности како и за средување и отварање на канцеларијата за млади.
На 10.10.2022 година дел од членовите на ЛМС учествуваа на сесии за презентирање на отворениот механизам за граѓанска отворност (МГО) на Европската Унија

# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
*www.kocani.gov.mk* info@kocani.gov.mk

На 13.10.2022 година Локалниот младински совет ја одржа 9-тата седница на која се одлучуваше за спроведување и организирање на хуманитарна акција за подарување на топли зимски алишта, храна и пакетчиња на социјално загрозените семејства.

На ден 18.10.2022 година Локалниот младински совет ја одржа 10-та седница на која се разгледуваше поканата за земање на учество на работилница организирана во рамките на проектот **„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"**, поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА за членовите на Локалните младински Совети во Општините.
И како втора точка се разгледуваше проблемот со превозот на учениците и барање решение за истиот.
На ден 04.11.2022 година се одржа 11- та седница на која локалниот младински совет се договори да организира едукативна работилница за средношколците од двете средни школи во Општина Кочани
На ден 14.11.2022 год. Локалниот младински Совет на Општина Кочани во соработка со Здужението на граѓани „Младите можат"реализираа тричасовна работилница за кариерно советување за учениците – матуранти од СОУ „Љупчо Сантов" и СОУ „Гошо Викентиев".
На работилницата матурантите преку практични примери и вежби добија насоки за правилен избор на својата професија и кариерно унапредување.
Работилницата ја спроведоа интернационално сертифициран GCDF Кариерен советник Славица Тасева од Асоцијација на Советници за Кариера (АСК) и помошник тренер Никица Манцуковски.
На работилницата присуствуваа 20 ученици.
Сесијата е дел од годишната програма за работа н Локалниот младински Совет на Општина Кочани.

Во рамките на проектот **„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"**, поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА беа спроведени обуки за Службеници за млади на некои општини од државата на кои присустував и јас како службеник за млади од општина Кочани:

1. Обука на тема: Младинско учество и младинска политика - улога на службениците за млади на локално ниво
   Период на обука: 03 – 05 ноември 2022 (четврток – сабота)

2. Обука на тема: Родова перспектива во процеси на креирање младински политики
   Период на обука: 17 – 19 ноември 2022 (четврток – сабота)

Освен формирањето на Локалниот младински совет, Општина Кочани работи да биде зголемена и функционалноста на Канцеларијата за млади, која што представува примарна точка за пристап на младите кон самата општина, каде што младите непречено ќе имаат можност за одржување на средби и кординација со Советот. А воедно се планира и покренување на постапката за отварање на Младински центар во Општина Кочани.

# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Младите се извор на идеи и иновации, потенцијал кои треба да се искористи и насочи кон социјален економски, културен и еколошки развој на општината, затоа општина Кочани и понатаму ќе ги подржува во организациите на повеќе вакви настани и активности и ќе овозможи да се слушна гласот на младите во креирањето на политиките на општината.

Со почит.

Бр. 03 - 285/1
30.01.2023 година
Кочани

Службеник за млади на Општина Кочани
Славица Давиткова

Секретар на Општина Кочни
Дејан Рашков

Република Северна Македонија * Општина Кочани